Врз основа на член 27 и 40 од Статутот на Скијачката федерација на Македонија, Извршниот одбор на Скијачката федерација на Македонија на својата седница одржана на ден 30.05.2023 година донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА РЕГИСТРАЦИЈА

**на Скијачката Федерација на Македонија**

## ОПШТ ДЕЛ

### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат условите и постапките за регистрација на скијачките организации и нивните членови, преминување на скијачи од еден во друг клуб, постапка за заштита на правата, регистрација и водење на евиденција.

### Член 2

Под задолжителна регистрација подлегнуваат сите основни организации - клубови и нивните членови.

### Член 3

Регистрите утврдени со овој Правилник претставуваат јавни книги, кои ги води надлежниот регистрационен орган на Скијачката федерација на Македонија (во понатамошниот текст СФМ).

Регистрите се водат врз основа на принципите на јавност, задолжителност, точност и вистинитост.

Уписот во регистар се врши врз основа на пријава, со која се поднесуваат и потребни исправи во оригинал или заверен потпис од страна на надлежен Управен орган, нотар или суд.

### Член 4

Во смисла на член 3 од овој правилник, регистри се водат за:

- Основни организации-клубови;
- Натпреварувачи;
- Судии и технички делегати;
- Тренери и скијачки учители;
- Останати лица-членови на основните организации (членови органи и тела и др.).

### Член 5

За секоја извршена регистрација се плаќа такса. Висината на таксата ја утврдува Извршниот одбор на СФМ.

## РЕГИСТРАЦИЈА НА ОСНОВНИ ОРГАНИЗАЦИИ-КЛУБОВИ

### Член 6

Регистрирање на основните организации-клубови се врши со одлука на Извршниот одбор на СФМ, а врз основа на предлог на Комисијата за регистрации на СФМ.

Приемот се врши врз основа на пријава за регистрација, со која се приложува:

- Копија на Статут на здружението – клубот,
- Копија на Тековна состојба на здружението – клубот (не постара од 6 месеци)
- Копија од Решението за вршење на дејност спорт, од државната управа за работа од областа на спортот,
- Изјава дека се прифаќа Статутот и другите општи акти на СФМ,
- Список на членови,
- Договор со тренер,
- Пополнет формулар за прием.

Вака примените здруженија – клубови добиваат статус на ПРИДРУЖНИ членови на СФМ. Нивните права, обврски и начинот на понатамошната регулација на нивниот статус се регулира со Статутот на СФМ.

**Член 7**

Секоја основна скијачка организација-клуб е должна да ги пријави промените во своето организирање.

Пријавата за промена се врши со поднесување на одлука за извршени промени и со пополнување на соодветен образец во кој се наведуваат извршените промени.

Рок за извршување на пријавата на промените во смисла на претходниот став е 30 дена од извршената промена.

**Член 8**

Регистар на основните организации ќе води СФМ со следните податоци:

- Реден број;
- Дата на запишување;
- Назив на основната организација;
- Седиште и адреса;
- Дата на основање;
- Статутарни промени.

**РЕГИСТРАЦИЈА НА НАТПРЕВАРУВАЧИ**

**Член 9**

Регистарот на натпреварувачи се води посебно за секоја натпреварувачка дисциплина во скијачкиот спорт и тоа: Алпско скијање; Нордиско скијање; Сноуборд и др.

**Член 10**

Регистарот на натпреварувачи се врши електронски, на соодветна апликација и ги содржи следните податоци:

- Име и презиме на лицето што ја пополнува пријавата;
- Телефон на лицето што ја пополнува пријавата
- Имејл адреса за добивање на фактура за такса за регистрација;
- Име и презиме на натпреварувачите (кирилица/латиница) напишано на начин како во пасошот на натпреварувачот;
- Пол на натпреварувачот;
- Дата на раѓање на натпреварувачот;
- Категорија на натпреварувачот;
- Клуб за кој се регистрира натпреварувачот;
- Начин на регистрација (прва регистрација / пререгистрација / преминување во друг клуб);
- Спортско медицинска потврда на постара од 3 месеци;
- Уредно пополнета и потпишана Атлетска декларација на ФИС (во PDF формат);
- Исписница, односно барање за исписница и потврда за испратена препорачана пратка (за натпреварувачите кои преминуваат од клуб во клуб);
- Фотографија (во JPG формат).

**Член 11**

Еден натпреварувач може да биде регистриран само за еден клуб во Македонија или надвор од неа.

Припадноста на клубот се утврдува врз основа на последната регистрација на натпреварувачот.

**Член 12**

Регистрацијата е комплетна по извршената уплата на пропишаната такса за регистрации за што СФМ ќе издаде фактура.

Со тоа регистрираниот натпреварувач влегува на листата на натпреварувачи која ќе биде објавена на веб страната на СФМ.

**Член 13**

Натпреварувачи со странско државјанство, со уредни документи можат да се регистрираат за домашен клуб, во согласност со овој правилник и одредбите на ФИС.

**Член 14**

Натпреварувач кој што се регистрираат за нов клуб (промена на членство), должен е да ги подготви следните документи:

- Исписница од поранешниот клуб односно копија на барање за исписница заедно со заверена поштенска потврда за испратена пратка или копија од испратено барање по пат на електронска пошта (имејл).
- Уредно пополнета Атлетска декларација на ФИС.

**Член 15**

Одлука за регистрација донесува надлежниот орган за регистрација во рок од 8 дена од приемот на барањето (комплетна документација).

Регистрациониот орган доставува одлука за регистрација на пропишан образец и тоа на:

- Натпреварувачот,
- Клубот за кого е извршена регистрацијата,
- Клубот од кој заминал натпреварувачот.

**Член 16**

Регистрациониот орган е должен постапката за регистрирање да ја води уредно и точно во рамките на пропишаните рокови.

Жалбата против одлуката на регистрационата комисија се поднесува во рок од 8 дена од нејзиното донесување до Извршниот одбор на СФМ чија одлука е конечна.

**РОКОВИ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА**

**Член 17**

**Алпско скијање и Сноуборд:**

1. ПРВА РЕГИСТРАЦИЈА: - Во текот на целата година
2. ПРЕРЕГИСТРАЦИЈА и ПРЕОД ВО ДРУГ КЛУБ: - 01 Јуни до 31 Август

**Член 18**

**Нордиско скијање:**

1. ПРВА РЕГИСТРАЦИЈА: - Во текот на целата година
2. ПРЕРЕГИСТРАЦИЈА и ПРЕОД ВО ДРУГ КЛУБ: - 01 Мај до 30 Јуни.

**ПРЕОД ВО ДРУГ КЛУБ**

**Член 19**

Кога натпреварувачот ќе одлучи да премине од еден во друг клуб поднесува барање за исписница. Веродостојноста на барањето се утврдува со заверена копија на барањето на која мора да стои и датум на прием на барањето или со заверена поштенска потврда за препорачана пратка односно копија од испратено барење по пат на електронска пошта (имејл).

Клубот е должен во рок од 15 дена од приемот на барањето да издаде исписница. Доколку во овој рок клубот не издаде исписница или натпреварувачот не го повлече барањето ќе се смета дека исписницата е издадена.

**Член 20**

Клубот може да не издаде исписница само во случај кога натпреварувачот има потпишано соодветен договор со клубот, односно не ги има исполнето материјалните или финансиските обврски спрема клубот, што се потврдува со заверен реверс на примена опрема, односно соодветен финансов документ.

Во случај од претходниот став од овој член, клубот е должен постојните документи со соодветно образложение да ги достави до регистрационата комисија во рок од 15 дена од приемот на барањето за испсница по пат на електронска пошта до СФМ на info@mkdski.com со назнака до регистрациони комисија.

**Член 21**

Кога клубот ќе се согласи да издаде испсница по барање на натпреварувачот и испсницата ја издава со следната содржина:

- Име и презиме на натпреварувачот;
- Дали натпреварувачот е под казна или суспензија.

**Член 22**

Натпреварувачите кои што една година не настапиле на натпревари од календарот на СФМ и ФИС имаат статус на слободни и можат да се регистрираат за друг клуб без испсница.

**Член 23**

Уписот се врши со пополнување на електронската апликација на СФМ и тоа посебно за Алпско скијање, Сноуборд и Нордиско скијање.

**ПРЕРЕГИСТРАЦИЈА НА НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ**

**Член 24**

Пререгистрација на натпреварувачите се врши секоја година во наведениот рок, важечки за секој спорт (Алпско скијање, Сноуборд, Нордиско скијање и др.).

Секој клуб е должен да изврши пререгистрација на своите натпреварувачи, кои во претстојната сезона ќе се натпреваруваат на натпреварите од календарот на СФМ и на ФИС.

**Член 25**

Пререгистрацијата се врши со пополнување на електронската апликација на СФМ и тоа посебно за Алпско скијање, Сноуборд и Нордиско скијање.

**Член 26**

Натпреварувачите, кои се натпреваруваат со ФИС лиценца, доколку не бидат пререгистрирани од матичниот клуб, ќе бидат ставени како неактивни на листата на ФИС и нема да можат да се натпреваруваат на натпреварите од Календарот на ФИС.

**ПРВА РЕГИСТРАЦИЈА НА НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ**

**Член 27**

Првата регистрација на натпреварувачите се врши во текот на целата натпреварувачка сезона.

Регистрацијата се врши со пополнување на соодветен електронски образец и тоа посебно за Алпско скијање, Сноуборд и Нордиско скијање.

**ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ**

**Член 28**

Најдоцна 15 дена по извршената регистрација, СФМ е должна на клубовите да им достави фактура за уплата на соодветна такса за регистрации кој износ содејствува на бројот на пријавени натпреварувачи на апликацијата на СФМ, односно бројот на пријавени активни натпреварувачи во ФИС.

Клубот е должен овој износ да го уплати на жиро сметката на СФМ најдоцна 8 дена од приемот на фактурата.

Натпреварувачите за кои не се реализира уплатата ќе бидат тргнати од листата на активни натпреварувачи и нема да можат да настапат на натпревари од календарот на СФМ и ФИС.

**РЕГИСТРАЦИЈА НА ДРУГИ ЛИЦА**

**Член 29**

Регистрирањето, постапката и издавањето на лиценци за судии, технички делегати, тренери, скијачки учители и други лица во рамките на СФМ се врши со посебни правилници кои ќе регулираат оваа дејност и се донесени од страна на Извршниот одбор на СФМ.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 30**

Одредбите на овој Правилник се однесуваат на сите основни скијачки организации и службени лица во системот на натпревари во Република Македонија.

**Член 31**

Толкување на овој правилник дава Извршниот одбор на СФМ.

**Член 32**

Овој правилник влегува во сила веднаш по неговото донесување.

Скијачка федерација на Македонија
Претседател,
Дејан Пановски